РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09 - 1764/3
06-10-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) постапувајќи по пријава од познат подносител, на 39 - та седница, одржана на ден 02.10.2020 година донесе

## ОДЛУКА

СЕ ЗАПИРА постапката за утврдување судир на интереси против лицето --------, раководител на катедрата по --------- на Медицински факултет - Скопје бидејќи не се потврдени наводите од пријавата и не е утврдена состојба на судир на интереси согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот со број 09-3157/1 од 17.05.2019 година.

Предметот со број 09-3157/1 од 17.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09-3157/1 од 17.05.2019 година е оформен по поднесено Барање за постапување од ------- со наводи дека во ЈЗУ ---------- е вработено блиско лице (ќерка) на раководителката на наведениот институт, ------------.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации до -------- со бр. 09-3157/2 од 12.11.2019 година. По добиените информации и податоци од Институтот за медицина на трудот на РСМ, ДКСК ја утврди следната фактичка состојба:

ЈЗУ ----------- поради зголемен обем на работа и заради пензионирање на одреден број на вработени од медицинскиот кадар во 2018 година, врз основа на согласноста добиена од Министерство за здравство на РСМ бр. 22-3229/2 од 17.04.2018 година и согласноста од Министерството за финансии на РСМ бр. 18-3946/2 од 13.04.2018 година и по донесена Одлука за објавување на јавен оглас бр. 0401-

153/7 од 20.04.2018 година, објавува Јавен оглас за вработување на два доктори на медицина на неопределено време на 26.04.2018 година.

В.д. директорот --------- носи Одлука за формирање комисија за селекција на кандидати бр. 0401-153/18 од 02.05.2018 година, која на ден 07.05.2018 година одржала состанок на кој се разгледале документите на пријавените кандидати и е донесен Записник бр. 0401-153/20 на кој е констатирано дека четворица кандидати имаат комплетна документација, меѓу кои е и лицето --------------.

Комисијата за селекција на кандидати изработува ранг листа бр. 0401-153/21 од 22.05.2018 година на која на прво место се наоѓа лицето ------------ со вкупни бодови 80,80 од просек на успех, бодови од странски јазик и бодови од стручен испит.

На ден 29.05.2018 година, било извршено интервју со кандидатите за прием на работно место – Доктор на медицина од страна на в.д. директорот на ЈЗУ --------, ----------, по што е изготвен Записник бр. 0401-153/23 од 29.05.2018 година.

На ден 04.06.2018 година под бр. 0401-153/24, в.д. директорот на ЈЗУ ---------, --------- носи Одука за избор на кандидати за вработување на неопределено време со која се избираат кандидатите: ---------- и ---------, прво и второ рангирани на ранг листата изработена од Комисијата за селекција на кандидати.

Видено од приложената пријава/одјава Образец М1/М2, лицето ------- засновала работен однос во ЈЗУ --------- на ден 29.06.2018 година.

Покрај претходно наведеното, во одговорот од ЈЗУ ------- наведено е дека ----------- е ќерка на ---------, која е раководител на катедрата по ---------- на Медицинскиот факултет – Скопје, а не е раководител на ЈЗУ -------------.

ДКСК повторно се обрати до ЈЗУ Институт за медицина на трудот на РСМ со допис бр. 09-1764/1 од 13.04.2020 година за достава на актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места кои се во сила, како и годишниот план за вработување, по што од страна на оваа институција беше доставена дополнителната документација преку допис бр. 09-1764/2 од 27.04.2020 година.

На седницата одржана на ден 02.10.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од член 77 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека нема основа за понатамошно надлежно постапување против ---------, раководител на катедрата ---------- на Медицински факултет - Скопје бидејќи не се потврдени наводите од пријавите и не е утврдена повреда на член 56 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК